ТТК БАНКА АД Скопје Бр. 2

Бр. 02-2806/5
08-04-2020

Врз основа на член 40 став 1 алинеја 5 од Статутот на ТТК Банка АД Скопје, Собранието на акционери на Банката, на седницата одржана на 8.4.2020 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

## за употреба и распоредување на нераспределената добивка на ТТК Банка АД Скопје за 2019 година

### Член 1

Нераспределената добивка на ТТК Банка АД Скопје по Годишната сметка за 2019 година во износ од 108.368.973 денари, се распределува на:

| | | |
|---|---|---|
| 1. Дел за резерви | ден. | 8.501.293 |
| 2. Дивиденда за обични акции во бруто износ | ден. | 99.867.680 |

### Член 2

Дивидендата за 2019 година ќе се исплаќа во готово (трансакциски сметки на акционерите).

### Член 3

Средствата наменети за дел од плата и награди на членовите на Надзорниот одбор, менаџментот и вработените по основ на деловна успешност, кои во Годишната сметка за 2019 година во согласност со МСС 19 се вкалкулирани како трошок во износ од 8.869.525 денари, се распоредуваат на следниов начин:

- Дел за награди на членовите на Надзорниот одбор на кои се исплаќа;
- Дел за плата по основ на деловна успешност на менаџментот и вработените.

Одборот за наградување на членовите на Надзорниот одбор, Надзорниот одбор и Управниот одбор го извршуваат распоредот на средствата од став 1 на овој член на поединечните членови на Надзорниот одбор, менаџментот и вработените со посебни одлуки. .

### Член 4

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето

**Собрание на ТТК Банка АД Скопје**

**Претседавач**

**Томе Волкановски**

ТТК БАНКА АД 2 СКОПЈЕ